## НАМЕНА НА ЃУБРИВОТО

Течно минерално ѓубриво за примена преку системот за микронаводнување (капка по капка и микродождење) и со фолијарна апликација.

## ПРИМЕНА И ЕФЕКТИ ОД ПРИМЕНАТА

NPK 12-5-7 + ME покрај основните хранливи елементи кои се неопходни за правилен раст и развиток на земјоделските култури, содржи и микрохранливи елементи (B, Cu, Mn и Zn), со што се обезбедува избалансирана исхрана на земјоделските култури. NPK 12-5-7 + ME може да се применува во сите фази на раст и развиток на растенијата, а особено се препорачува во фазата на вегетативен пораст и во фазата на цветање или на почетно образување плодови.
Како резултат на апликацијата на NPK 12-5-7 + ME, растенијата правилно се развиваат, цветаат, заврзуваат плодови, односно даваат стабилни и квалитетни приноси. Кај овошните видови и кај виновата лоза се постигнува успешно формирање родни пупки за следната година. Овошките и виновата лоза подобро ги поднесуваат раните есенски и доцните пролетни мразеви.
Се препорачува NPK 12-5-7 + ME да се аплицира со водата за наводнување. Во случај кога не се применуваат техники на микронаводнување, се препорачува фолијарна апликација. Најдобар ефект се постигнува со комбинација на системот за микронаводнување и фолијарна апликација.

## НАЧИН НА УПОТРЕБА

**Преку систем капка по капка и со полевање**

| Култура | Период на аплицирање | Број на апликации | Дозирање l/1000 m$^2$ со 1 апликација |
|---|---|---|---|
| Градинарски култури | Цветање и почетно плодоносење | 4 апликации на 4-5 дена | 3-4 l ѓубриво со најмалку 3000 l вода |
| Пољоделски култури | Почеток на вегетацијата или формирање на плодови | 3 апликации | 2-3 l ѓубриво со најмалку 2000-3000 l вода |
| Овошни култури и винова лоза | Заврзување и пораст на плод-зрно* | 4 апликации на 5-6 дена | 3-4 l ѓубриво со најмалку 4500 l вода |

*Во оваа фаза фертиригацијата може да започне доколку дозволуваат условите на терен (сува пролет и обезбедување вода за наводнување).

**Фолијарна апликација**

| Култура | Период на аплицирање | Број на апликации | Дозирање ml/1000 m$^2$ со 1 апликација |
|---|---|---|---|
| Градинарски култури | Цветање и почетно плодоносење | 2-3 апликации на 10-14 дена | 300 ml ѓубриво со 100 l вода |
| Пољоделски култури | Почеток на вегетацијата или формирање на плодови | 2 апликации | 300 ml ѓубриво со 100 l вода |
| Овошни култури и винова лоза | Цветање и пораст на плод-зрно | 2-3 апликации на 10-14 дена | 400 ml ѓубриво со 100 l вода |

АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ

Ефектот од фолијарната апликација е подобар во раните утрински или во вечерните часови.

**НАПОМЕНА**
NPK 12-5-7 + ME може да се употребува поединечно или во комбинација со многу пестициди. Редоследот на растворање е: вода - NPK 12-5-7 + ME - пестициди. Не смее да се меша со бордовска чорба и со други силни алкални средства.

**СКЛАДИРАЊЕ**
На температура повисока од +10°C.

**РОК НА УПОТРЕБА**
5 години.

| **СОСТАВ** | |
|---|---|
| Вкупен азот (N) | (12,0 ± 0,7) % |
| Фосфор ($P_2O_5$) | (5,0 ± 0,5) % |
| Калиум ($K_2O$) | (7,0 ± 0,5) % |
| **Микроелементи** | |
| B, Cu, Mn, Zn | |